Врз основа на член 45-а ставови 2 и 9 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), директорот на Дирекцијата за заштита на личните донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА, КАКО И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

## I. Општа одредба

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација.

## II. Форма и содржина на поканата за едукација

### Член 2

(1) На контролорот, односно обработувачот правно лице или физичко лице кои се повикуваат на едукација им се врачуваат покани на образец со формат А4, кои се дадени во прилог број 1 и прилог број 2 и се составен дел на овој правилник.

(2) Поканата за едукација за контролор, односно обработувач правно лице содржи:

- Назив и седиште на правното лице;
- Име и презиме на лицето кое се едуцира;
- Контакт телефон или електронска пошта;
- Предмет на едукација во смисла на член 45-а став 1 од Законот за заштита на личните податоци;
- Датум и место на едукација;
- Место за печат и потпис на инспекторот за заштита на личните податоци и

- Забелешка.

(3) Поканата за едукација за контролор, односно обработувач физичко лице содржи:

- Име и презиме на физичкото лице кое се повикува на едукација;
- Адреса на живеење;
- Контакт телефон или електронска пошта;
- Предмет на едукација во смисла на член 45-а став 1 од Законот за заштита на личните податоци;
- Датум и место на едукација;
- Место за печат и потпис на инспекторот за заштита на личните податоци и
- Забелешка.

(4) Во Поканата од ставовите (2) и (3) на овој член е содржана и напомена дека согласно одредбите на член 45-а став 5 од Законот за заштита на личните податоци, доколку контролорот, односно обработувачот не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

## III. Начин на спроведување на едукацијата

### Член 3

(1) Поканата за едукација се предава на контролорот, односно обработувачот при вршењето на инспекцискиот надзор, кога се констатирани неправилности во работењето.

(2) Инспекторот за заштита на личните податоци обезбедува доказ дека прекршителот уредно ја примил поканата за едукација.

(3) Едукацијата ја врши инспекторот за заштита на личните податоци кој ја утврдил потребата од истата врз основа на констатираните неправилности во работењето.

(4) Едукацијата може да се спроведе на еден од следните начини:

а) презентации во печатена или електронска форма;

б) презентирање преку составување на обрасци или

в) тековно објавување на едукативни материјали од областа на заштитата на личните податоци во печатена или електронска форма (списанија, брошури или медиуми).

(5) Во случај на оправдани причини, доколку инспекторот за заштита на личните податоци не е во можност да ја изврши едукацијата, директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци ќе определи друг инспектор за спроведување на едукацијата.

(6) По извршената едукација, лицето кое се едуцира се внесува во евиденцијата за спроведената едукација од страна на инспекторот за заштита на личните податоци.

(7) Инспекторот за заштита на личните податоци задолжително на крајот на тековниот месец доставува месечни извештаи од спроведената едукација до директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

## IV. Евиденција за спроведената едукација

### Член 4

(1) Инспекторот за заштита на личните податоци води евиденција за спроведената едукација во електронска форма, која е дадена во Прилог број 3 и е составен дел од овој правилник.

(2) Евиденцијата за спроведената едукација особено содржи:

- Реден број;
- Број и датум на поканата за едукација;
- Датум и место на едукацијата;
- Учесник на едукацијата;
- Име и презиме на инспекторот за заштита на личните податоци кој ја извршил едукацијата;

- Предмет на едукација во смисла на член 45-а став 1 од Законот за заштита на личните податоци;
- Број и датум на записник врз основа на кој се врши едукацијата и
- Забелешка.

## V. Завршна одредба

### Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Директор,
Димитар Ѓеорѓиевски

Прилог број 1

# ПОКАНА ЗА ЕДУКАЦИЈА

До ______________________________________________

назив на контролорот, односно обработувачот- правно лице

Лицето ______________________________________________ од контролорот, односно обработувачот ___________________________ ______, со седиште __________________________, контакт телефон или електронска пошта __________________________.

Предмет на едукација во смисла на член 45-а став 1 од Законот за заштита на личните податоци: ________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
__________________________.

Забелешка: __________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________.

Датум:__________

Место:__________

Инспектор за заштита на личните податоци,

М.П.

____________________

Напомена: Согласно член 45-а став 5 од Законот за заштита на личните, доколку контролорот, односно обработувачот не се јават на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Прилог број **2**

ПОКАНА ЗА ЕДУКАЦИЈА

До ____________________________________________________________

име и презиме на физичкото лице

Лицето ___________________________________________________, со адреса на живеење ул. ____________________________________, број ________ ______ контакт телефон или електронска пошта ____________________ ________________________________________________________________________ ______.

Предмет на едукација во смисла на член 45-а став 1 од Законот за заштита на личните податоци: ________________________________________ ________________________________________________________________________ ________________________________________________________________________ ________________________________________________________________________.

Забелешка: _____________________________________________________ ________________________________________________________________________ ________________________________________________________________________.

Датум: _____________

Место: _____________

Инспектор за заштита на личните податоци,

М.П.

____________________

Напомена: Согласно член 45-а став 5 од Законот за заштита на личните податоци, доколку контролорот, односно обработувачот не се јават на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Прилог број **3**

ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

| Реден број | Број и датум на поканата за едукација | Датум и место на едукацијата | Учесник на едукацијата | Име и презиме на инспекторот за заштита на личните податоци кој ја извршил едукацијата | Предмет на едукација во смисла на член **45**-а став **1** од Законот за заштита на личните податоци | Број и датум на записник врз основа на кој се врши едукацијата | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |